Ст.бр.2/2024

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за превоз и услуги ТИМОНИ ГРУП ДООЕЛ Кичево, по одржаната расправа, во присуство на управителот на должникот Гани Фетау и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 15.02.2024 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за превоз и услуги ТИМОНИ ГРУП ДООЕЛ Кичево, со седиште ул.„Гоце Делчев" бр. 20 Кичево со ЕМБС 7321627 и ЕДБ 4012018516015, основано 29.11.2018 година, со приоритетна дејност 85.53 Дејност на школите за возачи, со трансакциска сметка со број 270073216270157 при Халк банка АД Скопје, СЕ ОТВАРА стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението Халк банка АД Скопје да ја згасне трансакциската сметка на должникот со број 270073216270157 а доколку има средства на неа, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот – управителот на должникот, поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за превоз и услуги ТИМОНИ ГРУП ДООЕЛ Кичево, заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 15.02.2024 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека на сметките должникот се блокирани повеќе од 45 дена.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 2/2024 од 15.02.2024 година.

Стечаен судија,
Илјаз Исмаили

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и Халк банка АД Скопје.